*Република Македонија*
*Општина Штип*
*Број 04-240/14*
*05.02.2019 година*
*Ш т и п*

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“, број 199/14, 48/15, 154/15, 05/16 и 11/18), Секретарот на Општината Штип, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗБОР НА КАНДИДАТИ ПО ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2019

1. По спроведениот интерен оглас број 01/2019 за унапредување на административни службеници во Општината Штип, СЕ ИЗБИРААТ:
   - за работно место УПР 01 01 В04 000 помлад соработник-евиденција на вработени службеници во Општина во Одделението за управување со човечки ресурси – **Александра Стојанова**
   - за работно место УПР 01 01 В01 000 советник-правни работи и застапување на општината во Одделението за правно-нормативни работи и поддршка на советот – **Трајче Ристов**
2. По завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа одлука Секретарот на Општината Штип ќе донесе решение за унапредување на избраните кандидати.
3. Оваа одлука се доставува до избраните кандидати и се објавува на интернет страницата на Општината Штип.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на члем 48 став 4 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“, број 199/14, 48/15, 154/15, 05/16 и 11/18), Општината Штип објави интерен оглас број 01/2019 со архивски број 09-240/2 од 16.01.2019 година, за унапредување на административни службеници во општината Штип за следните работни места:

1. УПР 01 01 В04 000 помлад соработник-евиденција на вработени службеници во Општина во Одделението за управување со човечки ресурси и
2. УПР 01 01 В01 000 советник-правни работи и застапување на општината во Одделението за правно-нормативни работи и поддршка на советот .

На интерниот оглас во предвидениот рок пристигнаа две пријави и тоа по една за секое работно место.

По спроведената административна селекција и интервју, од страна на Комисијата за селекција на унапредувањето е изготвен Записник и финална листа на интервјуираните кандидати со предлог

одлука за избор на прворангираниот кандидат, заверен со архивски број 04-240/13 од 04.02.2019 година.

Согласно член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на РМ“, број 199/14, 48/15, 154/15, 05/16 и 11/18), Секретарот на Општината Штип, донесе одлука како во диспозитивот.

*Правна поука:* Против Одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на доставувањето на одлуката

Секретар
на Општината Штип
Соња Китанова

Makedonski Telekom CA, SONjA KITANOVA

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, SONjA KITANOVA
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=Opshtina Shtip:4029005130584, serialNumber=CRT3533457, cn=SONjA KITANOVA
Date: 2019.02.06 15:19:21 +01'00'